*ОПШТИНА КАРПОШ*
**Одделение за подршка**
**и организација на работтата на Советот**

МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош" бр.24/2019), а во всрка со Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош и Правилникот за изменување и допонување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-493/36 од 29.01.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош Советот на Општина Карпош бр.09-6266/17 од 29.10.2020 година, на седмата седница, одржана на 31 март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за ставање вон сила на Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -901, тел бр.2: 023055 -902*
*www.karpos.gov.mk*

ОПШТИНА КАРПОШ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДРШКА И
ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТТАТА НА СОВЕТОТ

**Член 1**

Со оваа одлука се става вон сила Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош бр.09-6266/18 од 29.10.2020 година, како и Јавниот повик за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, бр.11-7491/1 од 25.11.2020 година и Апликацијата за проект „Поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни покривачи на станбени згради за колективно домување" во Општина Карпош.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за односи со јавност при Општина Карпош да ги отстрани предметните Правилник, Апликацијата и Јавниот повик, дефинирани во член 1 од оваа одлука од огласната табла во Општина Карпош и од огласната табла на веб страницата на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош"

**Број: 09-2483/10**
**Датум:31.03.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов**